Врз основа на член 34 и член 73 од Законот за внатрешни работи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 19/95, 55/97, 38/02 и 33/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23.03.2004 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УПОТРЕБА НА СРЕДСТВА НА ПРИСИЛБА И ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

Член 1

Во Уредбата за употреба на средства на присилба и огнено оружје (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/98) во член 28, зборовите: “се формира комисија која“ се заменуваат со зборовите: “организационата единица надлежна за вршење внатрешна контрола во Министерството за внатрешни работи“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-902/1
23 март 2004 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.